Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 02-245/1
23.08. 2016 год.
СКОПЈЕ

# Р Е Ф Е Р А Т

**за избор во наставно звање во областа на Сметководство и во областа на Ревизијата на**

**Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа**

**ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА - СКОПЈЕ**

Со Одлука бр. 02-225/1 донесена на седница на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА – Скопје, одржана на 23.06.2016 година, определени сме за членови на Рецензиона комисија за избор на еден наставник во наставно звање во областа на Сметководство и во областа на Ревизија.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Нова Македонија" од 10.06.2016 год. и во предвидениот рок се пријави само кандидатот д-р Александар Костадиновски.

Рецензентската комисија во состав: д-р Блажо Недев - редовен професор, претседател, д-р Зоран Миновски – редовен професор, член, д-р Нинко Костовски – редовен професор, член, по разгледувањето на пристигнатата пријава го изготви следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци**

Д-р Александар Костадиновски е роден на 30.04.1980 во с.Долно Седларце, Општина Брвеница. Основно образование завршил во с. Брвеница, а средно гимназиско образование во Тетово, со континуиран одличен успех. Во 2003 година дипломира на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на насоката сметководство и ревизија, со просечен успех во студиите 9,00. Истата година се запишува на постдипломски студии од областа сметководство и ревизија при Економскиот факултет во Скопје, на кои по положување на предвидените испити со средна оценка 8.75, на 06.12.2005 година го одбранува магистерскиот труд на тема *„Сметководствено планирање во претпријатијата"*, со што се стекнува со научен степен **магистер по економски науки** од областа сметководство и ревизија.

Во 2007 година при Економскиот факултет во Скопје пријавува тези за изработка на докторска дисертација. На 08.06.2009 година ја одбранува докторската теза на тема *„Мерење на перформансите и контрола на трошоците во здравствениот сектор"* и се стекнува со научен степен **доктор по економски науки.** Своето академско образование Д-р Александар Костадиновски го стекнува под менторство на Проф. д-р Блажо Недев.

Во 2004 се вработува како асистент ревизор во Друштвото за ревизија „Димитров ревизија" - Скопје. Во 2005 година заснова работен ангажман во Трговското друштво „Ма Импекс", на позиција финансиски работник. Во мај 2006 година е примен да волонтира на Европскиот универзитет во Скопје. Од 01.10.2006 година е избран за асистент на Факултетот за економски науки при Европскиот универзитет - Република Македонија, на предметните дисциплини Платен промет и Принципи на сметководство. На Европскиот универзитет работи сè до 01.03.2009 година.

Во октомври 2009 година е избран за доцент на група на предмети од областа сметководство на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, врз основа на Рецензија објавена во Универзитетски билтен бр.26 од 03.09.2009 година.

Во 2011 година д-р Александар Костадиновски се стекнал со Лиценца за вештак од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење, а од 2012 и со Уверение за положен испит за проценувач на капиталот на трговски друштва, јавни претпријатија и други правни лица.

Во досегашната работа се здобил со вештини за работа и користење на неопходни компјутерски програми како што се: MsOffice; Word, Excel, Power Point и слично.

Во периодот по изборот за доцент на Економскиот факултет во Штип, кандидатот има остварено значајни активности во областа на наставно- образовната, научно-истражувачката, стручно-апликативната и организациската дејност.

Изборот согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни/научни звања на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА –Скопје и објавениот Конкурс на 10.06.2016 година во дневниот весник Нова Македонија се врши во **наставното звање професор за областа Сметководство и за областа Ревизија**.

***Наставно – образовна дејност***

Во периодот откако е избран за доцент на Економскиот факултет во Штип, Д-р Александар Костадиновски на ***првиот циклус на студии*** успешно изведувал наставно - образовни активности по следниве предметни дисциплини: Сметководство, Финансиско сметководство, Управувачко сметководство, Планирање, анализа и контрола на трошоци во здравството, Меѓународни сметководствени стандарди, Сметководствени информациони системи, Макроекономија, Основи на финансии, Економика на внатрешна трговија и Економија на развој.

Предметните дисциплини се содржани во студиските програми на Економскиот факултет, Факултетот за туризам и бизнис логистика и Факултетот за информатика. Наставно – образовната активност од прв циклус на студии кандидатот ја остварувал во наставните центри: Штип, Струмица, Скопје, Гевгелија, Кочани и Радовиш.

Кандидатот во изборниот период одржувал настава на студиските програми за ***втор циклус на студии*** (Финансиско известување и ревизија, Здравствен менаџмент, МБА Менаџмент) покривајќи настава по следните доверени предметни дисциплини: Финансиско известување, Управување со трошоци, Анализа на финансиски извештаи и ревизија и Менаџирање со алокација на средствата во здравствената дејност.

За потребите на наставата на Економскиот факултет Д-р Александар Костадиновски има издадено ***рецензирани скрипти, рецензиран учебник и практикум***.

1) **Рецензирани скрипти**:

- Александар Костадиновски - *Макро и микро аспектите на трошоците во здравствениот сектор* - Економски факултет, Универзитет "Гоце Делчев", Штип, 2011, стр. 223.

*Целокупната материја во ова учебно помагало авторот ја изложува во две компактни целини. Со изучување на макро пиодот на трошоците во здравствениот сектор студентите ќе можат да проникнат во природата на постоењето и функционирањето на здравствениот систем, да ги оценат современите теоретски модели на организациона поставеност и можноста за нивно практично имплементирање и детерминирање на перформансите на здравствената организација. Микро приодот, пак, на студентите и поширокaта јавност им овозможува да ги согледаат моделите на мерење и контрола на трошоците во здравствените организации, да проценат во која мера нивната ефективност, ефикасност, одговорност е детерминирана врз принципите на дејствување на економските законитости, меѓутоа, и врз регулативата поврзана со функционирање на системот.*

- Александар Костадиновски, Оливера Ѓеоргиева Трајковска – *Осврт кон меѓународните стандарди за финансиско известување* - Економски факултет, Универзитет "Гоце Делчев", Штип, 2013, стр.168.

*Во скриптата авторите ги опфаќаат суштинските делови на одделните Меѓународни сметководствени стандарди, Меѓународни стандарди за финансиско известување и Толкувања на МСС и МСФИ, кои на студентите ќе им овозможат стекнување на основните сознанија за целите, барањата, делокругот на примена на одделните стандарди, неопходни во процесот на составување и презентирање на финансиските извештаи на деловните ентитети. МСС и МСФИ несомнено имаат пресудна улога во процесот на унификација и хармонизација на финансиското известување во глобални рамки. Меѓународните стандарди за финансиско известување ги стандардизираат финансиските извештаи и финансиското известување, преку упатствата за нивната примена и начинот на којшто се користат методите за проценка на позициите, главно, за да се изготват финансиските извештаи што ќе дадат вистински непристрасен и веродостоен преглед на имотот, обврските и капиталот, промените во финансиската состојба и финансискиот резултат на деловните субјекти.*

2) Рецензиран учебник и практикум:

 - Александар Костадиновски, во коавторство – *Основи на сметководство* – Европски универзитет, Скопје, 2007. (Со Одлука бр.1702 – 106/10 од 26.11.2009 год. ННС на Економски факултет – Штип, на 38 – та седница, а по претходно доставено барање на кандидатот бр.1707-104/1 од 05.11.2009 год., го има одобрено користењето на овој материјал како авторизиран материјал на кандидатот за предметната дисциплина Финансиско сметководство и тоа како: *Основи на финансиско сметководство, 256 страни; и Финансиско сметководство – апликации, 70 страни.)*

*Во учебникот авторите укажуваат на целта на сметководството да го следи и квантифицира работењето на претпријатието, кое се манифестира низ промената на средствата, обврските, капиталот и успехот во работењето. Значи, станува збор за следење и квантифицирање на настаните и трансакциите кои се резултат на односите на претпријатието со опкружувањето (купувачите, добавувачите, вработените, инвеститорите, кредиторите, државата, јавноста и др.).*
*Во трудов како составен дел се опфатени и апликативни примери и задачи, кои ќе им помогнат на студентите и на останатите интересенти кон успешно разработување на презентираната материја.*

Доц.д-р Александар Костадиновски бил рецензент на три рецензирани скрипти: „Планирање, програмирање и буџетирање" од Д-р Оливер Бакрески, „Современи тенденции во јавното здравство" од Д-р Круме Николоски и „Анализа на финансиски извештаи" од Д-р Оливера Ѓеоргиева Трајковска и М-р Благица Колева.

Д-р Александар Костадиновски бил ментор на студенти од прв и втор циклус студии. Ментор е на еден магистрант кој го има одбранeто магистерскиот труд, истовремено бил член на комисијата за одбрана на уште шест магистерски работи.

Ментор бил на единаесет успешно одбранети дипломски работи и член на комисијата на десетици одбранети дипломски работи на студенти од прв циклус на Економскиот факултет и Факултетот за туризам и бизнис логистика.

Раководител е на студенти од Економскиот факултет кои учествувале на меѓународен натпревар – Мини олимпијада по сметководство во Бања Лука, Босна и Херцеговина, во 2013 година.

Кандидатот е подготвувач на елаборатот за две акредитирани студиски програми: Сметководство, финансии и ревизија, прв циклус на студии; Финансиско известување и ревизија, втор циклус на студии.

Д-р Александар Костадиновски бил рецензент за избор во звање на 10 наставници и соработници на Економскиот факултет при Универзитетот Гоце Делчев – Штип.

***Научно - истражувачка дејност***

Уште во текот на основните и магистерските студии Д-р Александар Костадиновски покажува континуиран интерес кон сметководствените дисциплини. Тој интерес го води кон изработка на магистерската работа под наслов „Сметководствено планирање во претпријатијата" која ја одбранил во 2005 год. Својот научен интерес го продлабочува на докторските студии при што во 2009 г. ја одбранил својата докторска теза со наслов "Мерење на перформансите и контрола на трошоците во здравствениот сектор". Резултатите од научната активност на кандидатот д-р Александар Костадиновски се презентирани пред домашната и странската научна и стручна јавност преку објавување на повеќе научни трудови.

Од подолу приложените трудови се гледа дека кандидатот доц. д-р Александар Костадиновски, во изминатиот период, по изборот во доцент, остварил значајна научно-истражувачка дејност во областа на сметководството и ревизијата, и пошироките економски дисциплини. Резултатите од истражувањата ги презентирал во домашни и меѓународни научни списанија, во други меѓународни публикации и на повеќе меѓународни научни конференции.

Од трудовите се гледа дека кандидатот покажува интерес за поширок опфат на актуелни проблеми од сферата на сметководството и ревизијата, како и нивно покомплексно третирање низ економските прашања, имајќи ги во вид нивните причинско-последични врски. Ваквото видување ќе го аргументираме со евалуација на неколкуте од 35-те наведени трудови.

- Научно – стручни трудови објавени во меѓународни публикации.

1. Kostadinovski, Aleksandar and Gorgieva -Trajkovska, Olivera (2010): ***The accounting view of tax reforms in Republic of Macedonia (Сметководствен поглед на даночните реформи во Република Македонија).*** Conference Proceedings: 2-nd Balkans and Middle East Countries Conference on Auditing and Accounting History (2.BMAC), Istanbul, Turkey. pp.1609 – 1632. ISBN 978–975–01960–9-6

*Предмет на истражување во овој труд се даночните реформи кои се спроведуваат во Република Македонија, гледано од сметководствен аспект, и нивното влијание врз економскиот раст и развој на земјата. Авторите во трудот нагласуваат дека современиот даночен систем и ефикасната даночна администрација се основа за економскиот развој на секоја земја. Зголемената вработеност, проширените одговорности и континуираните барања за поажурно и поефикасно даночно известување, ги принудуваат даночните регулатори да работат многу поефикасно и поефективно.*

2. Jovanova, Blagica and Kostadinovski, Aleksandar and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2012) ***Internal Audit in Banks in a Function of Risk Management (Внатрешната ревизија во банките во функција на управување со ризикот).*** Conference Proceedings: 5TH

International Conference –Crisis Management Days, Velika Gorica, Croatia. pp.567-586. ISBN 978-953-7716-31-8

*Авторите ја анализираат внатрешната ревизија во банките, како независна активност која обезбедува објективно и стручно мислење за нивното работење, кое е советодавно по карактер, и чија основна цел е зголемување на вредноста и подобрување на работењето на банката. Филозофијата на внатрешната ревизија се согледува во континуираното следење на целокупното работење на банката, со цел да се провери дали банката систематски управува со ризиците кои произлегуваат од оперативните активности на банката, во согласност со принципите на стабилно работење, вклучувајќи управување со ресурсите на информационата технологија и други поврзани технологии.*

3. Kostadinovski, Aleksandar and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2012) ***Benefits of improving the financial reporting in Republic of Macedonia (Придобивки од подобрување на финансиското известување во Република Македонија).*** Conference Proceedings: 1 st International conference - South-East European Countries towards European Integration, Elbasan – Albania. pp.50-55. ISSN 2221-5956

*Основата за функционална пазарна економија и здрав финансиски систем претставува високото - квалитетно финансиско известување, потенцираат авторите во овој труд. Квалитетот на финансиското известување во Република Македонија е детерминиран од усвојувањето и примената на унифицираните меѓународни стандарди и етички принципи за финансиско известување. Авторите ги нотираат активностите и дејствијата, потребни за остварување на ваквите цели, како што се подобрување на регулаторната и институционална рамка за финансиско известување, квалитативна поддршка на сметководствената и ревизорската професија и поддршка на образованието, обуката и јавната доверба во финансиското известување.*

4. Kostadinovski, Aleksandar and Jovanova, Blagica (2012) ***Трошоци и придобивки од меѓународните стандарди за финансиско известување***. Conference Proceedings: ICBEF - International Conference for business, economics and finance, From Liberalization to Globalization: Challenges in the Changing World, Economic Faculty – Stip. pp.579-584. ISBN 978-608-4504-88-7

*Секојдневното менување на економското сценарио во светски рамки, според авторите на трудот, ја нагласува важноста на автентичноста на финансиските извештаи на компаниите изготвени според МСФИ, како основа врз која инвеститорите и бизнис заедницата можат да ги донесуваат деловните одлуки. Ваквите извештаи се веродостојна слика на работењето на компаниите, се додека даваат непристрасна оценка за нивната финансиска состојба и успешност. Но, на флексибилноста што ја овозможуваат МСФИ, авторите им препишуваат и определени слабости. Имено, слободата на претпријатијата при изборот на методите за презентирање на определени сметководствени категории, дава можност финансиските извештаи да ги презентираат само посакуваните резултати, односно остава простор за манипулација со приходите и профитот, прикривање на објективноста на определени финансиски трансакции, што во краен случај резултира со измама.*

5. Jovanova, Blagica and Kostadinovski, Aleksandar (2012) ***Management on a human resource (Управување со човечките ресурси).*** Conference Proceedings: International Scientific Conference: Faces of the Crisis, Mart, European University, Skopje. pp.683-687. ISBN 978-608-4574-47-7

6. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Kostadinovski, Aleksandar (2013) ***Why IFRS – reasons for transition (Зошто МСФИ – причини за транзиција).*** Conference Proceedings: Accounting and Audit in the Context of European Economic Integration: Advancements and expectations. International Scientific Conference, Moldova. pp.60-63. ISBN 978-9975-4242-7-1

7. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Kostadinovski, Aleksandar and Dimitrova, Janka (2013) ***Implementation of global IFRS in the national accounting regulations, with special reference to Macedonia (Имплементација на глобалните МСФИ во националните сметководствени регулативи, со посебен осврт на Македонија).*** Зборник на трудови: Промените во глобалното општество. Трета меѓународна научна конференција. Европски универзитет, стр.393-400. ISBN 978-608-4574-58-3

8. Kostadinovski, Aleksandar and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Koleva, Blagica (2014) *Факторите на влијание врз перформансите на здравствената работна сила.* Зборник на трудови од четврта меѓународна научна конференција: „Науката и општествениот развој" Европски Универзитет, Скопје. ISSN 978-608-4574-62-0

*Добрите перформанси на здравствените организации во најголема можна мера зависат од професионалниот развој на нивниот персонал, на тој начин обезбедувајќи им можност на вработените стручно да се усовршуваат и напредуваат. За остварување на ваквата цел потребни се промени на неколку нивоа. Менувањето на законските и регулаторните рамки претставува комплексен и бавен процес. За да се стекне јавната доверба и обезбедат добри перформанси на давателите на здравствена заштита при изградбата на капацитетите, потребно е значително да се инвестира во севкупната здравствена инфраструктура. Авторите нагласуваат дека потенцијалните придобивки зависат од симултаните напори на државните и општествените институции, како и оние на професионалните и граѓанските организации. Тоа значи дека паралелно со создавање на специфични технички тела за лиценцирање, акредитација и сл,на здравствената работна сила треба да бидат воспоставени форуми кои ќе овозможат интеракција помеѓу различните групи, што за возврат се одразува преку признанието и поддршката на нивните придонеси во подобрените перформанси на здравствениот систем.*

- Научно-стручни трудови објавени во зборник од трудови од меѓународни научни конференции.

9. Kostadinovski, Aleksandar and Jovanova, Blagica (2011) ***Planning capital investments (Планирање на капиталните инвестиции).*** Conference Proceedings: Economics and Management in the 21st Century - Solutions for Sustainability and Growth, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov, Bulgaria. pp.45-52. ISBN 978-954-23-0678-8

*Авторите ја претставуваат рамката на чекори кои претпријатијата треба да ги имплементираат во процесот на планирање на капиталните трошоци, што е мошне значајно за долгорочната финансиска стабилност, особено во услови на интензивна инвестициона активност. Тесната поврзаност меѓу сметководственото планирање и портфолио - анализите кои се вршат во компаниите, а кои од своја страна се поврзани со инвестиционите вложувања и планирањето на инвестициите, како дел од интегралниот процес на сметководственото планирање, се протега на три основни подрачја: определување на вкупниот износ на капиталните издатоци за*

*алтернативните проекти, избор на инвестиционен проект и дефинирање на можните извори за финансирање на инвестиционият проект.*

10. Jovanova, Blagica and Kostadinovski, Aleksandar (2011) ***Accounting as a control system (Сметководството како контролен систем).*** Conference Proceedings: International Jubilee Scientific Sonference, Economics and Management in the 21st Century-Solutions for Sustainability and Growth, D.A. Tsenov Academy of Economics, Svishtov, Bulgaria. pp.339-346. ISBN 978-954-23-0678-8

11. Kostadinovski, Aleksandar and Jovanova, Blagica (2011) ***Impact of economic crisis on the world economy in Bulgaria and Macedonia (Влијаението на економската криза врз светската економија со осврт на Македонија и Бугарија).*** Седма международна научна конференция на младите научни работници "Икономиката на България - пътят към еврото" University of National and World Economy, Софиа, Бугарија.

*Влијанието што го има светската економска криза врз економијата на Република Македонија и Република Бугарија е предмет на анализа на авторите во овој труд. Според авторите светската економска криза се појави како пандемија која се прошири со голема брзина низ светот, оставајќи различни рецесивни симптоми во секоја национална економија, некаде повеќе, некаде помалку. Светските и национални економски аналитичари и институции прават планови и стратегии за надминување на кризата, за лекување на последиците, но и за анализирање на причините како настапи кризата, до кога ќе трае и зашто не беше благовремено антиципирана.*

12. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Kostadinovski, Aleksandar (2010) ***The tax reforms in the Republic of Macedonia in the post-recession (Даночните реформи во Република Македонија во после рецесивниот период).*** In: International conference "The economy and business in post-recession", Faculty of Economics, Prilep, Republic of Macedonia.

13. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Kostadinovski, Aleksandar and Jovanova, Blagica (2012) ***The role of promotion in creation of positive accounting firm image (Улогата на промоцијата во создавањето на позитивен имиџ на сметководствените фирми).*** Conference Proceedings: International Conference "The Role of Media in Promotion of Product and Service", Skopje, Macedonia. ISSN 978-608-4691-01-3

14. Jovanova, Blagica and Kostadinovski, Aleksandar and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2012) ***Control and audit - tools for preventing economy frauds (Контролата и ревизијата – алатки за превенирање од економски измами).*** Conference Proceedings: Contemporary Managerial Practices VII. Projects and Regions, Burgas, Bulgaria. pp.267-274. ISSN 1313-8758

15. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Kostadinovski, Aleksandar (2012) ***Financial reporting quality and investment efficiency (Квалитетот на финансиското известување и инвестиционата ефикасност).*** Challenges in Contemporary Economy, Ботевград. стр.963-977. ISBN 978-954-9432-57-2

16. Jovanova, Blagica and Kostadinovski, Aleksandar and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2012) ***Opportunities for cooperation between Macedonia and Bulgaria in the field of tourism as a tool against poverty (Можностите за соработка меѓу Македонија и Бугарија во областа на туризмот како средство против сиромаштијата).*** International Conference "Regional Development in Bulgaria: Trends and perspektive" Sofija- Bulgaria.

17. Kostadinovski, Aleksandar and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Jovanova, Blagica (2012) ***Conflicts of interest in the accounting and auditing profession (Конфликтите на интерес во сметководствената и ревизорска професија)***. Conference Proceedings : Sovremenni upravlenski praktiki VII proekti i regioni, Burgas, Bulgaria.pp.242-248. ISSN 1313-8758

*Спротивностите (конфликтите на интерес) кои може да се јават помеѓу сметководствената и ревизорската професија се предмет на анализа во овој труд. Авторите своите анализи ги темелат на ревизорските неуспеси да се детектираат проблемите во големите корпорации (Енрон, Пармалат, WorldCom, HIH, но и на светкиот сметководствен и ревизорски гигант Артур Андерсен), што доведоа до нивно пропаѓање, но и до загрозување на довербата на интересните групи во транспарентноста, интегритетот и одговорноста на сметководителите и ревизорите. Авторите ги потенцираат карактеристиките на двете професии да понудат сигурност дека издадените сметководствени извештаи нудат објективно презентирање на промените предизвикани од финансиските настани и трансакции во работењето на претпријатијата.*

18. Kostadinovski, Aleksandar and Jovanova, Blagica (2012) ***Estimating current capital structure (Проценка на тековната капитална структура)***. Conference Proceedings: Деветта меѓународна научна конференција -Challenges in contemporary economy, Ботевград. стр.940-950.ISBN 978-954-9432-57-2

*Авторите во трудот одбележуваат дека доверителите и акционерите очекуваат да бидат компензирани за направените трошоци за инвестирање на нивните средства во еден одреден бизнис. Пресметаниот просечен трошок на капиталот (WACC) е есконтната стапка, или временската вредност на парите, што се користи за претворање на очекуваниот - иден слободен готовински тек во сегашна вредност. Во трудот се опишува првиот чекор во проценката на WACC, односно утврдувањето на структурата на капиталот на компанијата.*

19. Kostadinovski, Aleksandar and Jovanova, Blagica (2012) ***Koncepcija za obedinjavane na riska v zdravstvenoto osigurjavane (Концептот на ризикот во здравственото осигурување)***. Conference Proceedings: Deseta nacionalna konferencija - Zastrahovatelnijat i osiguritelnijat pazar: Realnosti, vizija, ocekvanija i prioriteti za upravlenie na promjanata, Sofija, Bulgaria.стр.175-181.

*На ова место авторите ги анализираат најважните елементи во здружување на ризикот во здравственото осигурување: да се воспостават соодветни и веродостојни системи на управување, да се обезбеди собирање и управување на финансиите и да се осигура дека давателите на услуги се надоместени соодветно. Здружувањето на ризикот е функција на здравствениот систем, каде што собирањето на здравствените приходи е трансферирано на организациите кои вршат набавка (фондовите). Авторите ја потенцираат важноста стратегискиот купувач т.е. фондот да воспостави јасна поврзаност меѓу саканата здравствена интервенција и селекција на најдобриот давател на истата. Поставувањето на приоритети претставува систематски пристап во дистрибуција на расположливите ресурси во здравствената заштита, оптимално помеѓу конкурентните барања, кои се предмет на ограничувања.*

20. Jovanova, Blagica and Kostadinovski, Aleksandar (2012) ***Marketingjat kato osnva za podobrjavane na pazarnija djal, finansofata stabilnost, konkurentosposobnostta i kacestvoto***

***na obsluzvane na osiguritelnoto druzestvo (Маркетингот како основа за подобрување на пазарното учество, финансиската стабилност, конкурентската способност и квалитетот на услугите на друштвото за осигурување).*** Conference Proceedings: Zastrahovatelnijat i osiguritelnijat pazar reaznosti, vizija, ocekvanija i prioriteti za upravlenie na promjanata, Sofija, Bulgaria.стр.182-188.

21. Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Kostadinovski, Aleksandar and Jovanova, Blagica (2012) ***Transition to internatioanl financial reporting standards – needs and problems (Транзицијата кон Меѓународните стандарди за финансиско известување – потреби и проблеми).*** Conference Proceedings: Contemporary managerial practices VII. projects and regions. University of Burgas, Burgas, Bulgaria, pp. 379-385. ISBN 1313-8758

22. Kostadinovski, Aleksandar and Dimitrova, Janka and Georgieva Svrtinov, Vesna (2013) ***International education standards for professional accountants (Меѓународни стандарди за едукација на професионалните сметководители).*** Conference Proceedings: Jubilee International Scientific Conference "Finance and Economic Accounting - conditions, trends and perspectives" dedicated to the 60th Anniversary of Finance and Economic Accounting Bachelor Programme, 2. Svishtov, Bulgaria. pp. 222-227. ISBN 978-954-23-0910-9

*Унапредувањето на сметководственото образование преку развој и имплементација на меѓународните сметководствени стандарди за едукација, според авторите на овој труд ќе ја подобри компетентноста на глобалната сметководствена професија и ќе придонесе за зголемување на довербата на јавноста за работата на сметководителите. За да се излезе во пресрет на предизвиците со кои се соочува глобалната економија, сметководствената професија треба да се осигура дека поединците кои ја практицираат истата, го поседуваат потребното ниво на компетентност, кое континуирано треба да се одржува. Авторите потенцираат дека компетентноста се развива и одржува преку иницијалното образование и практичното искуство, проследено со континуиран професионален развој.*

23. Kostadinovski, Aleksandar and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2013) ***Differences between International Financial Reporting Standards and Genarally Accepted Accounting Principles (Разликите помеѓу Меѓународните стандарди за финансиско известување и Општо прифатените сметководствени принципи).*** Aktuelnosti - Journal of Social Issues (22). Banja Luka, BIH. pp. 90-117. ISSN 0354-9852.

*Авторите укажуваат дека унифицираните сметководствени стандарди го подобруваат функционирањето на глобалните пазари на капитал, преку обезбедување подобра информираност на инвеститорите и другите корисници на финансиските извештаи. Тие ги намалуваат трошоците за подготовка и толкување на финансиските извештаи и придонесуваат кон намалување на трошокот на капиталот. Инвестирањето во растечките пазари, ја наметнува потребата да се познаваат двата светски главни сметководствени системи: Општо прифатените сметководствени принципи (ОПСП) и Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ). Во трудот авторите потенцираат дека двата основни сметководствени системи имаат неколку разлики помеѓу нив кои можат да влијаат на резултатите. Ако ги осознаеме разликите меѓу ОПСП и МСФИ, можеме подобро да ги оцениме извештаите од компаниите.*

24. Kostadinovski, Aleksandar and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Dimitrova, Janka (2013) ***The implications of European debt crisis on EU enlargement (Импликациите на***

***Европската должничка криза врз проширувањето на Европската унија).*** Conference Proceedings: The Future of Integration, the Future of the European Union. Svishtov, Bulgaria.pp.20-28. ISBN 978-954-23-0867-6.

*Должничката криза во Европската унија е резултат на неспособноста на некои земји да воспостават контрола над растечкиот јавен долг, кој создаде огромен притисок врз стабилноста и опстанокот на процесот за понатамошно европско проширување. Според авторите континуираната финансиска поддршка (од ММФ, Европската централна банка и ЕУ) за јужноевропските земји како што се Грција, Португалија и Шпанија, не ги продуцираше саканите ефекти. Покрај тоа, високиот степен на зависност на грчкиот финансиски пазар од банките на Кипар ја стави земјата и ЕУ во исклучително тешка положба. Авторите сметаат дека актуелната криза постави сериозни предизвици и сомнежи во врска со кохезијата и идната интеграција на Унијата.*

25. Kostadinovski, Aleksandar and Atanasoski, Drasko (2013) ***Determinants of a healthcare information system (Детерминанти на здравствениот информитивен систем).*** Standards in and challenges to public administration in XXI century, Jubilee International Scientific Conference. Svishtov, Bulgaria. pp. 600-607. ISBN 978-954-23-0884-3.

*Авторите на ова место подвлекуваат дека здравствените информативни системи треба да одговорат на потребите и барањата на различни институции во рамки на сеопфатниот план, користејќи го пристапот на соработка наместо пристапот на поединечно разгледување од само еден ентитет. Во контекст на реформите и децентрализацијата на здравствениот сектор, здравствените системи се менаџираат до ниво на испорака на услугата. Ваквиот премин на функциите од централно до периферно ниво генерира нови информациони потреби и бара длабинско преструктуирање на информационите системи со промена на барањата за собирање на податоци, нивно процесирање, анализирање и разбирање. Авторите потенцираат дека стандардизацијата и квалитетот на информацијата претставуваат главни предизвици во спроведување на реформите во здравствениот сектор, прашање кое треба да биде покренато од централно ниво*

26. Dimitrova, Janka and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Kostadinovski, Aleksandar (2013) ***Experts inclusion in the audit for better audit reports (Вклучувањето на експертите во процесот на ревизија за подобрени ревизорски извештаи).*** Јубилејна меѓународна научнопрактична конференција-Финансиите и финансиското сметководство-состојби,тенденции, перспективи, Стопанска академија Ценов, Свиштов, Бугарија, 2013. ISSN 978-954-23-0910-9

27. Georgieva Svrtinov, Vesna and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Kostadinovski, Aleksandar (2013) ***The Impact of Financial Instability on FDI Dynamics (Влијанието на финансиската нестабилност на динамиката на странските директни инвестиции).*** International Scientific Conference: "Finance and Economic Accounting-the Current Situation, Trends and Prospects. Svishtov, Bulgaria. ISSN 978-954-23-0909-3,.

28. Miceski, Trajko and Kostadinovski, Aleksandar (2013) ***Trends of population natality in Macedonia and neighboring countries (Трендови на наталитетот на населението во Македонија и соседните земји).*** Regionalni razvoj i demografski tokovi zemalja Juogistocne Evrope; Međunarodni naučni skup (18). pp. 449-456. ISBN: 978-86-6139-067-8, Nis, Srbija.

29. Dimitrova, Janka and Gorgieva-Trajkovska, Olivera and Kostadinovski, Aleksandar (2013) ***Задолженоста и неликвидноста – најгорлив проблем за македонските компании.*** Зборник, Четврта меѓународна научна конференција, "Меѓународен дијалог: Исток - запад (култура, славјанство и економија)", Славјански Институт, Свети Николе. Стр.568-573. ISBN 978-608-4689-04-1

30. Nikoloski, Krume and Kostadinovski, Aleksandar (2013) *Rights, interests and responsibilities of business (Права, интереси и одговорности на бизнисите).* International Scientific Conference "Regional Economic Cooperation in the Process of Globalization". pp. 122-133.

- Научно – стручни трудови објавени во домашни списанија.

31. Kostadinovski, Aleksandar and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2011) ***Планирање на трошоци за истражување и развој.*** Годишен зборник 2011, Економски факултет Штип. pp. 55-62. ISSN 1857-76-28.

*Според авторите сите трошоци поврзани со истражувањето и развојот треба да бидат признаени како трошоци за настанување на приходите и треба да бидат признаени како такви во периодот кога настануваат, поради неизвесноста на ширината и должината на идниот бенефит од таквите трошоци за компанијата. Авторите потенцираат дека менаџерите треба да бидат свесни за зголеменатa потреба од забрзан раст на активностите од развојот и истражувањето и потребата да се имаат предвид ваквите трошоци, како од краткорочен така и од долгорочен аспект.*

32. Jovanova, Blagica and Kostadinovski, Aleksandar (2011) ***"Expectations gap" – current phenomenon in the contemporary auditing profession.*** Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Економски факултет, Годишен зборник 2011. pp. 179-187. ISSN 1857-76-28

Д-р Александар Костадиновски одржал секциско предавање на 10 меѓународни научни конференции, за што поседува и соодветни сертификати, и тоа:

1. 2-nd Balkans and Middle East Countries Conference on Auditing and Accounting History (2.BMAC), 15-18 September, 2010, Istanbul, Turkey.

2. International Jubilee Scientific Conference "Economics and Management in the 21-st Century - Solutions for Sustainability and Growth", 8-9 November, 2011 Svishtov, Bulgaria.

3. International Conference "Contemporary managerial practices VII" Projects and Regions. University of Burgas, Burgas, Bulgaria, February, 2012.

4. 1st International Conference South-East European Countries toward European Integration, 20th October 2012, Elbasan, Albania.

5. International Conference "The Role of Media in Promotion of Product and Service", Macedonian Marketing Association, Skopje, Macedonia, June 2012.

6. First International Conference for Business, Economy and Finance "From Liberalization to Globalization: Challenges in a Changing World", 3-5 September, 2012, Stip, Macedonia.

7. Трета меѓународна научна конференција "Промените во глобалното општество", Европски Универзитет, Скопје, јуни 2013.

8. Međunarodni naučni skup “Racunovodstvo u teoriji I praksi“, Banja Luka, maj, 2013.

9. Međunarodni naučni skup “Regionalni razvoj i demografski tokovi zemalja Juogistocne Evrope“- Nis, June, 2013.

10. International Scientific Conference "Regional Economic Cooperation in the Process of Globalization", State University of Tetova, December, 2013.

Во периодот меѓу двата избори, член е на организациониот одбор на следниве научни собири:

1. First International Conference for Business, Economy and Finance “From Liberalization to Globalization: Challenges in a Changing World”, 3-5 September, 2012, Faculty of Economics, Stip, Macedonia.

2. Научен собир “Порече низ историјата“ – Здружение на граѓани Поречки средби и Институт за национална историја, Самоков, септември, 2009.

Учесник бил во научно - истражувачки проект одобрен во 2013 година од Фондот за научно-истражувачка работа при Универзитетот “Гоце Делчев“ – Штип, со наслов *Состојби и перспективи за зголемување на наталитетот во Р.Македонија со осврт на идентификување на факторите на влијание.*

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Александар Костадиновски има објавено трудови во зборник на трудови од стручен собир во земјата и тоа:

33. Kostadinovski, Aleksandar (2012) ***Последиците од економската криза врз процесот на конвергенција и хармонизација на финансиското известување.*** Зборник на трудови од XIV Симпозиум на сметководителите на Република Македонија, Струга. стр.377-400. ISBN 978–9989–747–31-1

    *Авторот нагласува дека актуелната економска и финансиска криза има значајни импликации врз сметководството, како за практиката така и за академската стручна заедница. Во областите кои ги проучуваат сметководствените и ревизорски практики, постои вистински загриженост за бројните проблеми и недостатоци откриени со кризата. Авторот ја потенцира неопходноста да се препознаат недостатоците и слабите точки на финансиското известување, да се имаат во предвид ризиците, да се користат професионално подготвени информации и други нефинансиски податоци, со цел да се обезбеди одржливоста и транспарентноста на финансиските извештаи. Потребен е нов пристап кој ќе ја врати довербата во сметководството, како на веродостоен функционален систем и практична активност и кој ќе го консолидира интегритетот во професијата.*

34. Kostadinovski, Aleksandar and Gorgieva-Trajkovska, Olivera (2013) ***Факторите за промена на сметководствената професија како глобална, општествена, економска, организациона и институционална активност.*** Зборник на трудови - Економско-финансиската криза и сметководственото окружување-предизвици за сметководството, ревизијата и финансиите и позиционирањето на сметководствената професија. Симпозиум Сојуз на сметководители, Струга.стр.155-182. ISSN 978-9989-747-32-8

*Во трудот се разработени факторите кои имаат потенцијал да предизвикаат трансформациони промени во улогата на сметководителите и во позиционирањето на професијата во посткризниот период. Во зависност од одговорот на сметководителите на потенцираните фактори, постојат големи разлики за тоа како професијата може да биде перципирана во иднина. При истражувањето на спектарот на можни резултати, авторите во трудот ги потенцираат генеричките сценарија за иднината на сметководствената професија во текот на следната деценија. На едниот крај од спектарот, сметководителите може да се посматраат како "дел од проблемот" што ја предизвика финансиската криза и континуираната економска несигурност, поради неуспехот да обезбедат рано предупредување и сигнали за постојниот ризик. На другиот крај е можноста сметководителите да бидат посматрани и вреднувани од страна на општеството како "чувари на интегритетот". Ваквото позиционирање подразбира работење на сметководителите според највисоките етички стандарди и осигурување дека нивните клиенти целосно се усогласуваат со регулаторните барања.*

35. Dimitrova, Janka and Kostadinovski, Aleksandar (2013) ***Примената на МСФИ за МСЕ, императив за унифицирано финансиско известување.*** Зборник на трудови - Економско-финансиската криза и сметководственото окружување-предизвици за сметководството, ревизијата и финансиите и позиционирањето на сметководствената професија. Симпозиум Сојуз на сметководители, Струга. стр.448-469. ISSN 978-9989-747-32-8

Д-р Александар Костадиновски одржал пленарни предавање на стручни собири и тоа на:

1. INGAS The Balkans 2010 – Balkan Countries Natural Gas Simposium, 08-09 october 2010 Skopje.
2. XIV Симпозиум на сметководителите на Република Македонија во организација на Сојуз на сметководители на Република Македонија во 2012 година.
3. Предавање на три работилници во организација на Стопанска Комара на Република Македонија во 2013 година.

Учесник е во спроведувањето на три меѓународни стручни проекти и тоа:

1) (2015-2016) – **Зајакнување на општинските совети,** во организација на Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавни претпријатија и УНДП. Ангажиран во подготовката на материјал за два модули: **1) Финансиско управување и контрола и 2) Управување со долгови.**
2) (2014 -2015) – **Обука за сертификација на сметководителите во јавниот сектор на Македонија,** во организација на Центарот за развој на финансиите – CEF Словенија, Институтот за јавни финансии и сметководство – CIPFA Велика Британија, и Министерството за финансии Р.Македонија. Ангажиран **како преведуваач** на материјал за модулот **Управување со финансии.**
3) (2012 - 2014) - **Обука за сертификација на внатрешните ревизори во јавниот сектор** - Македонија во организација на Центарот за развој на финансиите – ЦЕФ Словенија, Институтот за јавни финансии и сметководство – CIPFA Велика Британија, и Министерството за финансии Р.Македонија. Ангажиран **како преведувач** на материјал за модулот **Сметководество и финансиско известување во јавниот сектор**. Ангажиран **како предавач** на два модули: **1. Национална регулатива и оданочување.** 2. **Сметководество и финансиско известување во јавниот сектор.**

Д-р Александар Костадиновски во изборниот период се стекнал со Лиценца за вештак од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење (2011 г.) и со Уверение за положен испит за проценувач на капиталот на трговски друштва, јавни претпријатија и други правни лица (2012 г.). Во овие области остварува апликативна дејност како надворешен соработник на Бирото за судски вештачења, орган во состав на Министерството за правда. Во овој период учествува во изготвувањето на 125 стручни наоди за вештачења и проценки.

Доц.д-р Александар Костадиновски во два наврати е биран од страна на ННС на Економскиот факултет при Универзитетот Гоце Делчев Штип за член на Универзитетскиот сенат (Одлука бр.0701-1565/46 од 27.12.2010 и Одлука бр.0701-432/2 од 27.04.2011 на Универзитетски сенат). Исто така, два пати е биран и за член на Централна пописна комисија за спроведување на попис на Универзитетот за 2011 година и 2012 година. Член бил и на три факултетски комисии: Комисија за самоевалуација, Комисија за признавање на испити на студентите (претседател) и Комисија за утврдување на исполнетост на услови за стекнување на статус на истакнат стручњак од практиката (претседател).

Што се однесува до комуникациските и другите вештини и квалификации, д-р Александар Костадиновски поседува солидна компјутерска едуцираност, оспособен е да предава предмети на англиски јазик, стручен е за вербална и пишана презентација и комуникација, со континуирана способност за тимска работа.

Според евалуацијата на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА –Скопје, согласно критериумите на Факултетот, кандидатот за избор д-р Александар Костадиновски е оценет со 365 поени, за што во прилог на оваа рецензија има табеларен приказ.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи го во вид сето погоре изнесено, Рецензионата комисија констатира дека кандидатот д-р Александар Костадиновски поседува деценииско работно искуство како асистент и доцент по група предмети од областа на сметководството и ревизијата и бројни предметни дисциплини од областа на економските науки. За време на својот ангажман, кандидатот д-р Александар Костадиновски со успех, професионално и одговорно, исполнително и со максимална ангажираност и совесност ги извршувал сите активности во рамките на високобразовната дејност. Во едукативниот процес користенл современи методи на предавања, остварувајќи интерактивна комуникација со студентите.

Евидентна е научно-истражувачката активност на кандидатот д-р Александар Костадиновски која се гледа од бројните трудови објавени, како во домашни така и во меѓународни научни списанија, како и од бројните настапи на меѓународни конференции и останата апликативна активност. Сето ова го претставува кандидатот како солиден и афирмиран научен работник и како самостоен истражувач од областа на сметководството и ревизијата. Д-р Александар Костадиновски перманентно од својот избор во звањето доцент се ангажирал и во меѓународни проекти со што придонесува за афирмирање и унапредување на сметководствената наука и професија. Во поткрепа на претходно наведените констатации потврдуваат и податоците за остварените вкупни бодови на кандидатот за неговата досегашна активност во наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, видно од Табелата дадена во прилог на Рецензентскиот извештај.

Врз основа на искажаните стојалишта, Рецензионата комисија е наполно уверена дека кандидатот д-р Александар Костадиновски, со својата досегашна работа во наставно-образовната,

научно-истражувачката и стручно-апликативната активност, стручните и научните квалитети, како и изразените морални квалитети се претставува како сериозен, солиден и високо-професионален наставно-научен работник и истражувач од областа на сметководството и ревизијата. Во согласност со Законот за високо образование, како и врз основа на критериумите за избор во звања на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА –Скопје, **Комисијата има задоволство да му предложи на Наставничкиот совет да го избере кандидатот д-р Александар Костадиновски во наставното звање професор за областа Сметководство и за областа Ревизија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Блажо Недев, редовен професор – претседател**

**Проф. д-р Зоран Миновски, редовен професор – член**

**Проф. д-р Нинко Костовски, редовен професор - член**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на д-р Александар Костадиновски, доктор на економски науки, според критериумите за избор во звања на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА –Скопје**

| **Наставно - образовна дејност** | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Рецензирана скрипта и практикум од предавања:<br>1. *Макро и микро аспектите на трошоците во здравствениот сектор* (автор)<br>2. *Осврт кон меѓународните стандарди за финансиско известување (коавтор)*<br>3. *Финансиско сметководство – теорија и апликации (коавтор)* | 1<br>1<br>1 | 7<br>5<br>5 | 17 |
| Рецензент на учебник, скрипта и сл. | 3 | 1 | 3 |
| Ментор на одбранета дипломска работа | 11 | 0,3 | 3,3 |
| Член на комисија за одбранета магистерска работа | 6 | 1,5 | 9 |
| Консултации со студенти | 200 | 0,1 | 20 |
| Предавања на прв циклус (фонд на часови во семестар) | 48 | 0,25 | 12 |
| Предавања на втор циклус студии во семестар | 24 | 0,35 | 8,4 |
| Координатор на наставна програма | 2 | 1 | 2 |
| Член на комисија за избор на соработници и наставници | 10 | 0,2 | 2 |
| **Вкупно: наставно - образовна дејност** | | | **76,7** |
| **Научно-истражувачка дејност** | | | |
| Ментор на одбранета магистерска работа | 1 | 3 | 3 |
| Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен/стручен собир<br>во земјата<br>во странство | 5<br>30 | 2<br>3 | 10<br>90 |
| Предавање на научен/стручен собир<br>во земјата<br>во странство | 4<br>10 | 1,5<br>2,5 | 6<br>25 |
| Учесник во научен/стручен проект<br>во земјата | 4 | 3 | 12 |
| Член на организационен одбор на научен собир<br>во земјата<br>во странство | 1<br>1 | 0,5<br>1 | 0,5<br>1 |
| **Вкупно: научно - истражувачка дејност** | | | **147,5** |
| **Стручно-апликативна, и организационо-развојна дејност** | | | |
| Учество во комисии и тела на државни и други органи<br>- изработка на стручни наоди од вештачења и проценки (во земјата) по барање на Министерство за правда – Биро за судски вештачења | 125 | 1 | 125 |
| Член на универзитетски, факултетски тела и комисии<br>- член на Универзитетски сенат<br>- член на Централна пописна комисија<br>- член на факултетски комисии | 2<br>2<br>3 | 3<br>2<br>2 | 6<br>4<br>6 |
| **Вкупно: стручно-апликативна и организационо-развојна дејност** | | | **141** |
| **Вкупно: НО + НИ + САОР** | | | **76,7 + 147,5 + 141 = 365,2** |